ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Предлагач : Градоначалник на
Општина Аеродром
Дејан Митески

Изготвувач: Сектор за финансиски
прашања

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# ЗА 2025 ГОДИНА

**февруари 2026 година**

**Содржина:**

- **Вовед**
- **Годишна сметка/наративен дел**
- **Извештај за средствата, побарувањата , обврските и изворите на средствата и нивната вредност**
- **Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациии дотациите за делегирани надлежности**
- **Извештај за користење на средства од резервите**
- **Извештај од одговорниот сметководител**
- **Прилози**
  **- Биланси на приходи и расходи**

## 1. Вовед

### 1.1. Основни податоци за Општината

Според пописот од 2021 година, вкупниот број на жители во Општина Аеродром е 77.735 жители.

Општина Аеродром се простира на површина од 20 км² и тоа: урбан дел 10,4 км² или 60%, рурално земјиште 9,6 км² или 40%. Општината е составена од седум населби и тоа: Мичурин, Аеродром, Јане Сандански, Лисиче, Ново Лисиче, Регионален центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче.

Граници на општината: од мостот на железничката пруга на р. Вардар – тромеѓе на Општина Аеродром, Центар и Гази Баба и се движи долж Транспортен центар „Скопје", железничката пруга во правец кон Велес до мостот Маркова река, продолжува по надворешната граница на катастарска општина Долно Лисиче до р.Вардар и свртува спротивно до мостот на железничката пруга на р.Вардар.

### 1.2. Буџет и Одлука за извршување на Општината

**Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година** со бр.09-417/4 од 27.12.2024 година („Службен гласник на Општина Аеродром" бр.30/24 од 27.12.2024 година), е изгласан на Советот на Општина Аеродром на 51-та седница одржана на 26.12.2024 година.

Во текот на 2025 година усвоени се следните измени и дополнувања на буџетот на општината: Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година бр.09-11/12 од 28.01.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.01/25 од 28.01.2025 година), Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година бр.09-84/6 од 11.03.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.03/25 од 11.03.2025 година), Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година бр.09-84/7 од 11.03.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.03/25 од 11.03.2025 година), Одлука за проширување на средствата во Буџетот на

Општина Аеродром за 2025 година бр.09-174/4 од 11.04.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.07/25 од 11.04.2025 година), Одлука за измени и дополнувања на буџетот на Општина Аеродром за 2025 година бр.09-303/15 од 09.07.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.10/25 од 09.07.2025 година), Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година бр.09-330/3 од 31.07.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.12/25 од 31.07.2025 година), Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година бр.09-330/2 од 31.07.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.12/25 од 31.07.2025 година), Одлука за измени и дополнувања на буџетот на Општина Аеродром за 2025 година бр.09-402/28 од 14.11.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.17/25 од 14.11.2025 година), Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година бр.09-423/6 од 03.12.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.18/25 од 03.12.2025 година), како и Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година бр.09-436/2 од 12.12.2025 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.19/25 од 12.12.2025 година).

**Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година** со број бр.09-417/4 од 27.12.2024 година („Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.30/24 од 27.12.2024 година), е усвоена на Советот на Општина Аеродром на 51-та седница одржана на 26.12.2024 година.

Во текот на годината изгласана е Одлука за измена и дополна на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година, број 09-11/15 од 28.01.2025 година (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр.01/2025), како и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година, број 09-42/9 од 10.02.2025 година (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр.02/2025).

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

**Вкупно реализираните приходи** по разни основи за 2025 година изнесуваат 1.345.581.572 денари, што претставува вкупна реализација на приходи во буџетот на општината од 81,1%, во однос на планираните 1.659.653.000 денари.

Во рамките на **основниот буџет** на општината, вкупните реализирани приходи во 2025 година изнесуваат 612.014.171 денари, кои во однос на планираните 892.996.000 денари претставуваат 68,5% реализација. Во истите, даночните приходи учествуваат со износ од 380.100.411 денари, неданочните приходи учествуваат со износ од 4.843.603 денари, капиталните приходи учествуваат со износ од 9.662.111 денари, додека трансфери и донации учествуваат со износ од 217.408.046 денари (вклучително реализираниот износ од 51.991.849 денари од пренесениот вишок на приходи од минатата година).

**Табела бр.1**: На сметката **основен буџет** на Општина Аеродром за 2025 година, планирани се и реализирани следните приходи:

| | | план | реализација |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **892.996.000** | **612.014.171** |
| **71** | **Даночни приходи** | **418.817.000** | **380.100.411** |
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 54.660.000 | 67.775.444 |
| 713 | Даноци на имот | 125.000.000 | 144.837.079 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 238.637.000 | 167.038.322 |
| 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 520.000 | 449.566 |
| **72** | **Неданочни приходи** | **16.830.000** | **4.843.603** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 700.000 | 831.189 |
| 723 | Такси и надоместоци | 1.700.000 | 858.644 |
| 724 | Други владини услуги | 0 | 0 |
| 725 | Други неданочни приходи | 14.430.000 | 3.153.770 |
| **73** | **Капитални приходи** | **10.790.000** | **9.662.111** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематер. вложув. | 10.790.000 | 9.662.111 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **446.559.000** | **217.408.046** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 446.559.000 | 217.408.046 |

Од компаративниот преглед на одделните категории на приходи во колоната основен буџет, врз основ на нивниот план и нивната остварена реализација, може да се согледа односот на планираните приходи со соодветна реализација на истите.

**Графикон бр.1**: Компарација помеѓу планираните и реализирани приходи за 2025 година во делот на **основен буџет** на Општина Аеродром:




Вкупните реализирани приходи во делот на **блок дотациите** за 2025 година изнесуваат 673.601.345 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 13.061 денари од пренесените приходи од минатата година), што претставува реализација од 99,4% во однос на планираните приходи.

Во делот на **донации** вкупните реализирани приходи за 2025 година изнесуваат 5.825.556 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 225.568 денари од пренесените приходи од минатата година), што претставува реализација од 70,2% во однос на планираните приходи.

Вкупните реализирани приходи од **самофинансирачките активности** на буџетските корисници на општината изнесуваат 54.140.500 денари, што претставува реализација од 67,1% во однос на планираните приходи.

Во следната табела е прикажано учеството на приходите по сметки во вкупните реализирани приходи во консолидираниот буџет на Општина Аеродром за 2025 година, и тоа реализирани приходи во делот на основен буџет, блок дотации, самофинансирачки активности, како и делот кој се однесува на донациите.

**Табела бр.2**: Учество на приходите по сметки во вкупните реализирани приходи на буџетот на Општина Аеродром за 2025 година:

| **Вкупно реализирани приходи по сметки** | **1.659.653.000** | **1.345.581.572** |
|---|---|---|
| **Основен буџет** | **892.996.000** | **612.014.171** |
| **Блок дотации** | **677.703.000** | **673.601.345** |
| **Донации** | **8.301.000** | **5.825.556** |
| **Самофинансирачки активности** | **80.653.000** | **54.140.500** |

### 2.2. Расходи на Општината

**Вкупните реализирани расходи** на Општина Аеродром за 2025 година изнесуваат 1.345.136.707 денари, што претставува 81,05% реализација во однос на вкупно планираните расходи.

Во делот на **основен буџет** реализираните расходи изнесуваат 612.014.171 денари, односно 68,5% реализација од планираните расходи во износ од 892.996.000 денари.

**Табела бр.3**: На сметката **основен буџет** на Општина Аеродром за 2025 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | **план** | **реализација** |
|---|---|---|---|
| | | **892.996.000** | **612.014.171** |
| | **Плати наемнини и надоместоци** | **121.745.000** | **115.831.231** |
| 401 | Основни плати | 73.124.000 | 69.944.001 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 28.683.000 | 26.438.914 |
| 404 | Надоместоци | 19.938.000 | 19.448.316 |
| | **Резерви и недефинирани расходи** | **2.300.000** | **1.000.000** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 1.200.000 | 1.000.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 1.100.000 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Стоки и услуги** | **180.822.000** | **140.064.309** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 160.000 | 3.220 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 40.572.000 | 26.650.719 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 25.050.000 | 21.333.733 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 73.172.000 | 58.191.582 |
| 425 | Договорни услуги | 22.989.000 | 18.877.868 |
| 426 | Други тековни расходи | 10.279.000 | 8.048.169 |
| 427 | Привремени вработувања | 8.600.000 | 6.959.018 |
| | **Субвенции и трансфери** | **127.429.000** | **120.667.940** |
| 463 | Трансфери до невладини огранизации | 14.250.000 | 14.250.000 |
| 464 | Разни трансфери | 113.179.000 | 106.417.940 |
| | **Капитални расходи** | **460.700.000** | **234.450.691** |
| 480 | Купување опрема и машини | 6.680.000 | 6.564.371 |
| 482 | Други градежни објекти | 452.220.000 | 227.729.240 |
| 483 | Купување мебел | 0 | 0 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 1.800.000 | 157.080 |

Компаративен однос на одделните категории на расходи во делот на **основен буџет**, врз основ на нивниот план и нивата остварена реализација, може да се согледа во следниот графикон:

**Графикон бр.2**: Компарација помеѓу планираните и реализирани расходи за 2025 година во делот на **основен буџет** на Општина Аеродром:



Во делот на **блок дотациите**, вкупната реализација која се однесува на основните училишта и детските градинки на територијата на Општина Аеродром вкупно изнесува 673.601.345 денари.

**Табела бр.4**: На сметката **блок дотација** на Општина Аеродром за 2025 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| **План - реализација на расходи - блок дотации** | | **план** | **реализација** |
|---|---|---|---|
| | | **677.703.000** | **673.601.345** |
| **40** | **Плати наемнини и надоместоци** | **636.157.000** | **635.531.163** |
| 401 | Основни плати | 455.374.000 | 455.001.748 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 177.083.000 | 176.830.486 |
| 404 | Надоместоци | 3.700.000 | 3.698.929 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **40.136.000** | **36.661.562** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 22.692.000 | 20.190.312 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 3.220.000 | 2.900.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.650.000 | 1.350.315 |
| 425 | Договорни услуги | 100.000 | 96.935 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 |
| 427 | Привремени вработувања | 12.474.000 | 12.124.000 |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **1.410.000** | **1.408.620** |
| 464 | Разни трансфери | 1.410.000 | 1.408.620 |

Реализацијата на расходите во делот на **самофинансирачките активности**, изнесува 53.695.635 денари, што претставува реализација од 66,6% во однос на планираните расходи во износ од 80.653.000 денари.

**Табела бр.5**: На сметката **самофинансирачки активности** на Општина Аеродром за 2025 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| **План - реализација на расходи - самофин. активности** | | **план** | **реализација** |
|---|---|---|---|
| | | **80.653.000** | **53.695.635** |
| **42** | **Стоки и услуги** | **69.823.000** | **50.653.634** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 747.000 | 238.446 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 7.275.000 | 5.772.140 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 37.788.000 | 29.184.037 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 12.972.000 | 7.668.476 |
| 425 | Договорни услуги | 7.104.000 | 5.731.041 |
| 426 | Други тековни расходи | 2.337.000 | 2.059.494 |
| 427 | Привремени вработувања | 1.600.000 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **2.100.000** | **86.154** |
| 464 | Разни трансфери | 2.100.000 | 86.154 |
| **48** | **Капитални расходи** | **8.730.000** | **2.955.847** |
| 480 | Купување опрема и машини | 5.615.000 | 2.729.052 |
| 483 | Купување мебел | 3.115.000 | 226.795 |

Во делот на **донациите** вкупните реализирани расходи за 2025 година изнесуваат 5.825.556 денари, што претставува реализација од 70,2% во однос на планираните расходи во износ од 8.301.000 денари.

**Табела бр.6**: На сметката **донациите** на Општина Аеродром за 2025 година, планирани се и реализирани следните расходи:

| **Вкупни расходи - донации** | | **план** | **реализација** |
|---|---|---|---|
| | | **8.301.000** | **5.825.556** |
| **42** | **Стоки и услуги** | **3.816.000** | **2.250.384** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.073.000 | 439.428 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 351.000 | 311.461 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 0 | 0 |
| 425 | Договорни услуги | 2.085.000 | 1.236.313 |
| 426 | Други тековни расходи | 307.000 | 263.182 |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **970.000** | **165.132** |
| 463 | Трансфери до невладини ограназации | 310.000 | 165.132 |
| 464 | Разни трансфери | 660.000 | 0 |
| **48** | **Капитални расходи** | **3.515.000** | **3.410.040** |
| 480 | Купување опрема и машини | 902.000 | 811.792 |
| 482 | Други градежни објекти | 236.000 | 236.000 |
| 486 | Купување на возила | 2.377.000,0 | 2.362.248,0 |

**Вкупните реализирани расходи** по одделни сметки во рамки на консолидираниот буџет на Општина Аеродром за 2025 година се претставени во следната табела:

**Табела бр.7**: План - реализација по сметки на буџетот на Општина Аеродром за 2025 година:

| Вкупен план - реализација на расходи | план | реализација |
|---|---|---|
| | 1.659.653.000 | 1.345.136.707 |
| Основен буџет | 892.996.000 | 612.014.171 |
| Блок дотации | 677.703.000 | 673.601.345 |
| Самофинансирачки активности | 80.653.000 | 53.695.635 |
| Донации | 8.301.000 | 5.825.556 |

**Графикон бр.3**: Компарација помеѓу планирани и реализирани расходи во 2025 година **по сметки на буџетот** на Општина Аеродром:



**3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност**

Согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, единиците на локална самоуправа на крајот од фискалната година се должни да изготват годишна сметка и тоа посебно за секоја сметка.

Градоначалникот ја доставува годишната сметка за изминатата година до Советот на општината, најдоцна до 28 февруари во тековната година. Составен дел на годишната сметка се и податоците за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата чии што износи поединечно се следниве:

3.1 Побарувањата на Општина Аеродром за 2025 година изнесуваат 184.663.603,00 денари, од кои најголем дел се однесуваат на побарувања од надоместок за градежно земјиште, комунална такса за фирмарина, побарувања за данок на имот од физички лица, побарувања по основ на данок на имот од правни лица, и побарувања по основ издавање киоск под закуп;

3.2 Обврските на Општина Аеродром за 2025 година изнесуваат 150.626.850,00 денари, од кои најголемиот дел се однесуваат за обврски за градежни работи кои се изведуваат на територијата на општината, обврски за ДДВ по ситуации за изведени градежни работи во четвртиот квартал од 2025 година, како и обврски пристигнати при крајот на месец декември кои поради краткиот временски период за исплата се пренесени како обврски за наредната година. Овие обврски ги содржат и платите на вработените, надоместоците за советниците за 12 месец кои се исплаќаат во месец јануари;

3.3 Изворите на средства на Општина Аеродром за 2025 година, вклучително пренесените приходи од минатата 2024 година, изнесуваат 639.778.039,00 денари, од кои најголемиот дел се однесува на даночните приходи и трансфери;

3.4 Основни средства на Општина Аеродром за 2025 година изнесуваат 2.008.669.160,00 денари кои се однесуваат на целокупната опрема која ја поседува Општина Аеродром.

**4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите и дотациите за делегирани надлежности**

Реализацијата на инвестиционите програми во буџетот на Општина Аеродром за 2025 година е во директна релација со капиталните расходи на повеќе програми и потпрограми.

Вкупните реализирани капитални расходи за 2025 година изнесуваат 240.816.578 денари, од кои најголем дел во износ од 234.450.691 денари се однесуваат на делот на **основен буџет** на општината, а останатите капитални расходи се однесуваат на колоните **самофинансирачки активности** и **донации**.

Во рамките на **надлежноста Е - Општинска администрација**, **програма ЕА – Капитални расходи на општината**, во капитални расходи за 2025 година, реализирани се вкупно 412.833 денари, и истите се однесуваат на набавка на видео опрема, компјутерски софтвер и изведба на геодетски услуги за општината.

Во **надлежноста Г - Локален економски развој**, реализацијата на капиталните расходи во 2025 година во рамки на **Програмата ГА - Изградба на објекти,** вкупно изнесува 2.362.248 денари. Реализацијата се однесува на **колона донации**, средства наменети за проектот ко-финансиран од Европската Унија, насловен "Clean AirDrom - zero solid waste in Municipality of Aerodrom".

Во рамките на **надлежноста Ј – Комунални дејности**, во делот на капиталните расходи, вкупната реализација изнесува 126.310.907 денари, која се однесува на **колоната основен буџет,** и тоа: Програма ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во износ од 112.005.258 денари, Програма ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување со р-ја од 7.157 денари, Програма ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во износ од 2.904 денари, Програма ЈМ - Капитални расходи за паркови и зеленило во износ од 7.870.600 денари, како и Програма ЈН - Капитални расходи за урбана опрема во износ од 6.424.988 денари.

Во рамките на **надлежноста Н - Основно образование, програма НА - Капитални расходи за основно образование**, вкупната реализацијата на капитални расходи изнесува 72.852.691 денари, од кои најголем дел се однесуваат на колоната **основен буџет** во вкупен износ од 71.293.534 денари. Истите во најголем дел се наменети за изведба – доградба на објектот на „ООУ Блаже Конески", набавка на информатичка опрема - таблети за учениците и слично. Дел од капиталните расходи во износ од 511.365 денари се однесува на колоната **самофинансирачки активности**, а дел во износ од 1.047.792 денари се однесува на колоната **донации**.

Во вкупната реализацијата на расходи, во **надлежноста В - Социјална заштита и заштита на децата**, **програма ВА - Капитални расходи за детски градинки**, капиталните расходи учествуваат со вкупен износ од 38.809.931 денари. Од нив, во колоната **основен буџет,** реализацијата изнесува 36.365.449 денари, која се однесува на доградба на објект Изворче - ЈДГОА Срничка, како и стручен надзор над истата. Останатиот износ од 2.444.482 денари се однесува на колоната **самофинансирачки активности**.

Во рамките на **надлежноста Р – Заштита на животна средина и природа, програма РА – Капитални расходи за заштита на животна средина и природа**, капиталните расходи учествуваат со износ од 67.968 денари и истите се однесуваат на средства за набавка на садници во Општина Аеродром.

**Реализирани активности во 2025 година –**
**Одделение за комунални работи и животна средина**

**Реконструкција на улици во населба Лисиче - бараки**

Во тековната 2025 година реализиран е Договор со број 05-1486/1 од 10.03.2025 год. За Реконструкција на улици и тротоари спрема постоечка состојба во населба Лисиче – бараки за следните улици:

- Улица „Димитар Македонски“ со должина од 448,00 метри,
- Улица „Лавчанска Корија“ со должина од 95,00 метри,
- Улица „Арх.Сотир Томовски“ со должина од 159,00 метри и
- Улица „Ернест Телман“ со должина од 476,00 метри.











Реконструкција на улица „Анастас Митрев“ - Општина Аеродром со тротоари по постоечка состојба (со должина од 875 м.)










Реконструкција на улица „Милан Зечар“ - Општина Аеродром со тротоари по постоечка состојба (со должина од 612 м.)






**Спроведување на програма за заштита на животна средина и природа за 2025 година**

**1. ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ 16.09-22.09.2025 година**

Општина Аеродром по 10-ти пат оваа година активно се приклучи кон одбележувањето на Европската недела на мобилност. Неделата на мобилност се одбележува во голем број Европски градови, а оваа година главното мото е „Мобилност за сите“.

Во Општина Аеродром активностите започнаа на 16.9.2025 година и тоа на детската улица Тоше Проевски со која може да се пофалиме дека е поголема безбедна пешачка зона во општината каде што нема автомобили. Дечињата од најблиските општински основни училишта и градинка на поставени полигони возеа велосипеди, тротинети и ролери и ја промовираа урбаната мобилност. Дел од дечињата од ликовните секции важноста на мобилноста ја претставија на своите цртежи, а дел го промовираа пешачењето со посета на Водно. Периодов секој ден во сите општински основни училишта и градинки има поединечни активности и истите ќе траат се до 22.9.2025 година.





Целта е на сите овие активности е да се поттикне и промовира пешачењето, велосипедизмот и да се користи јавниот превоз - како здрави, одржливи и безбедни решенија. Со една заедничка цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето.





**<u>2. Собирање на електронски и е-отпад</u>**

Општина Аеродром во соработка со Друштвото за управување со отпад „Нула отпад“ има потпишано договор  за собирање електронски и електричен отпад, со која на граѓаните и правните субјекти им се овозможува бесплатно да се ослободат од опасниот отпад од прагот на нивните домови/компании преку вртење на еко бројот 02/3256-309. Услугата е бесплатна, а единствено што е потребно е уредите да се на достапно место за преземање и да се исклучени од вода и струја.



Во насока на заштита на животната средина и човековото здравје, ги охрабруваме граѓаните и компаниите на безбеден, лесен и сигурен начин за да го одлагаат опасниот отпад.

Во насока на јакнење на јавната свест за заштита на природата и здравјето на луѓето уште од најмала возраст со децата од општинските градинки и учениците од општинските училишта во текот на годината се организирани голем број еко акции меѓу кој и „**ЕКО ПАРАДА Е-КАПИТОЛИЈАДА”** во соработка со Капитол Мол и Општина Аеродром (април 2025 година) која прерасна во традиционален настан и се одржува секоја година.

**3. <u>ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД</u>**

Општина Аеродром преку разни активности во дел од општинските основни училишта и градинки зема активно учество и оваа година во **ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД.** Масовна акција за чистење на животната средина, но и подигнување на свеста за соодветно одлагање и управување на отпадот. Главна цел на акцијата е примарна селекција на хартија и пластика. Активноста е реализирана во текот на месец мај 2025 година.

**4. <u>Селектирање и собирање на стаклена амбалажа</u>**

Во соработка со Друштвото за едукација и консалтинг „Рециклиа“-Скопје се поставуваат канти за собирање на стакло во правните субјекти на територијата на општината, а се со цел намалување на стаклената неповратна амбалажа. Организација и реализација на еколошки проект за едукација и подигање на екосвеста и навиката за селектирање на стаклена неповратна амбалажа. Активноста е реализирана во текот на целата 2025 година.

**<u>5. Настани за бесплатно сервисирање на велосипеди во соработка со Друштво за друмски и планински велосипедизам „Мацедониан Бајк Рајдерс“</u>**

Грижата на општината за најмалите е секогаш приоритет, при тоа зголемување на свеста за користење на велосипеди и поттикнување на здравите навики. Токму преку поставените полигони на детската улица децата ги учеа сообраќајните знаци, безбедноста во сообраќајот и како они како најмали да се вклучат паметно во сообраќајот. На единствениот и најголем полигон за велосипеди кој се наоѓа во дворот на ООУ„Ѓорѓија Пулевски“ се одржа и едукативна интерактивна работилница од страна на здружението Мацедониан Бајк Рајдер со учениците од училиштето, на кој се разговараше како безбедно да се користат велосипедите, како истите да знаат да ги сервисираат, да сменат гума, се учеа деловите на велосипедите и нивната функција. Потоа се возеше во група на полигонот, се следеа сообраќајните знаци и безбедноста при возењето на велосипеди и по барање на дечињата се

одржа и бавна трка. Со оваа активност се промовираше мобилноста,  и беше потенцирано тоа дека со користење на велосипедите како превозно средство ќе ја заштитиме животната средина и нашето здравје.



**6.Селекција на текстил**

Општина Аеродром потпиша Договор за соработка за постапување со отпад од  текстил со Друштво за управување со отпад од текстил **ТЕКСОМАК ДОО Скопје**. Целта е да се воспостави систем за целосно, ефикасно, економски оправдано и одржливо интегрално управување и постапување со отпад од текстил - собирање, селектирање, транспортирање, рециклирање, преработка и отстранување на отпадот- Систем за управување. Поставени се и 7 големи контејнери за селекција на текстил во општинските училишта и помали контејнери во општинските градинки и нивните клонови. Дополнително во сите општински училишта и градинки се изврши и едукација за како правилно да се постапува со отпадот од текстил. Собрани беа 1.130 кг. текстилен отпад.

**7.Проект-Чист воздух**

Во рамките на проектот беа посадени 100 садници, и тоа во Паркот позади ТЦ ЛИСА и во ООУ. „Лазо Ангеловски“. Во училиштето дополнително се изврши и едукација на учениците од страна на извидниците, и им беше објаснет начинот на садење и одржување на садниците. Активноста беше реализирана во април 2025 година.

 

**8. Донација од општествено одговорна компанија WI-ZI**

Такси компанијата WI-ZI донираше 50 садници  Acer pseudoplatanus кои беа посадени во околината на новоизграденото игралиште Калистеника. Активноста беше реализирана во ноември 2025 година.

**9. Дотации за фосилна горива со Одлука на влада од 2022 година**

Согласно Договор за доделување на финансиски средства за наменски дотации од страна на Министерство за животна средства и просторно планирање искористени се за набавка и садење на садници за потребите на општина Аеродром и тоа во паркчето во Горно Лисиче. Посадени беа садници од видот Fraxinus angustifolia raywood 18/20. Активноста беше реализирана во ноември 2025 година.

**10. Регионална Еко иницијатива Trees of Friendship**

Од страна на регионалната Еко иницијатива Trees of Friendship во Паркот ЕНТЕР беше одбележена акцијата Дрво на пријателството и посадени беа 100 садници од видот Acer pseudoplatanus. Активноста беше реализирана во ноември 2025 година.

**11. Донација од општествено одговорна компанија IUTE**

Општествено одговорната компанија Финансиско друштво ИУТЕ Кредит Македонија ДООЕЛ Скопје, донираше садници со кои се оплемени и озелени паркот „Паркче“ во Ново Лисиче. Посадени беа 45 (четириесети пет) Prunus laurocerasus (растенија за огради), 4 (четири) Платанус ацерифолија, 3 (три) Зелкова серата и 3 (три) Acer pseudoplatanus.

**12. Примарна селекција во домовите**

На крајот на декември 2025 година општината Аеродром подели жолти канти во 50 домаќинства во населбата Лисиче и го отпочна пилот проектот за примарна селекција на PET амбалажа.

**13. Селекција и подигање на отпадни гуми**

Врз основа на склучен Договор за деловна соработка и користење на опрема со број 08-1702/2 од 8.3.2025 година помеѓу Општина Аеродром и ГУМАТЕК, нашата општина се истакнува како една од општините со најголема подигната количина на отпадни гуми, споредбено со повеќе други општини вклучени во системот. Количината на отпадни гуми подигнати од територијата на Општина Аеродром учествува со приближно 2-3% од вкупната количина на отпадни гуми што произлегуваат и се управуваат преку ГУМАТЕК., што укажува на високо ниво на вклученост, функционална организација и ефикасна соработка меѓу општината и колективниот постапувач. Вкупната подигната количина на отпадни гуми од територијата на општина Аеродром во 2025 година изнесува 57.950 кг., која ја вбројува општината меѓу водечките општини по обем на реализирани активности и постигнати резултати.

**14.ЕЛКОЛЕКТ**

Врз основа на склучен Договор за соработка и поддршка во управувањето со посебните текови на отпад на единиците на локалната самоуправа со број 05-2633/1 од 23.4.2025 година помеѓу Општина Аеродром и ЕЛКОЛЕКТ, одржана е акција за подигање на јава свест на граѓаните за постапување со е-отпадот и воедно беа посадени високостеблести садници во Паркот АЕРОДРОМ - Авионче.

**15.ЕУРО-ЕКОПАК ДОО**

Врз основа на склучен Договор за управување со пакување и отпад од пакување со број 05-9346/1 од 7.12.2023 година помеѓу Општина Аеродром и ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, за 2025 година собрани се околу 7.000 кг. отпад од пакување - стаклена амбалажа.

**Реализирани активности во 2025 година –**
**Одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови**

Во делот на изработка и донесување/одобрување урбанистичка планска документација и друга урбанистичка проектна документација во текот на 2025 година реализирано е следното:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изводи од урбанистички планови и проекти | 616 |
| 2. | Уверенија за парцели | 159 |
| 3. | Известувања за парцели | 420 |
| 4. | Почнати постапки за донесување урбанистички план | 2 |
| 5. | Почнати постапки за донесување урбанистички проект | 4 |
| 6. | Завршени постапки за донесување урбанистички проект | 2 |
| 7. | Издадени согласности за прекоп на јавна површина | 10 |
| 8. | Издадени одобренија за градење | 20 |
| 9. | Одбиени одобренија за градење | 14 |
| 10. | Издадени одобренија за реконструкција, адаптација, пренамена | 19 |
| 11. | Одбиени одобренија за реконструкција, адаптација, пренамена | 11 |
| 12. | Издадени одобренија за доградба и надградба | 13 |
| 13. | Одбиени одобренија за доградба и надградба | 9 |
| 14. | Издадени одобренија за идеен проект | 14 |
| 15. | Одбиени одобренија за идеен проект | 27 |
| 16. | Издадени одобренија за измени во тек на градење | 3 |
| 17. | Издадени решенија за објекти за кои не е потребно одобрение | 3 |
| 18. | Одбиени решенија за објекти за кои не е потребно одобрение | 9 |

Одреден број барања за кои е отворена и почната постапка се повлечени од страна на барателот.

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ, КУЛТУРА И ЗАШТИТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2025 ГОДИНА

## I. ОБРАЗОВАНИЕ

Од областа на образованието, во текот на 2025 година, Општина Аеродром ги спроведе следните мерки и активности:

1. Обезбедување на објектите на основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
2. Дополнителни средства за тековно работење и поправки и одржување на училиштата, средства за договорни услуги и привремени вработувања во основните училишта; средства за наставно-образовни помагала и училишни материјали; осигурување на недвижности и права; примарна здравствена заштита; средства за патни трошоци за ученици со попреченост; надомест за годишен одмор;
3. Еднократен паричен надомест за секое прваче во учебната 2025/2026 година во основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
4. Еднократна парична награда за најдобар ученик на генерација од секое основно училиште во Општина Аеродром;
5. Еднократна парична награда за најдобар наставник/стручен соработник од секое основно училиште во Општина Аеродром
6. Обезбедување училишна облека за учениците во основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
7. Одржување на објектите на основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
8. Еднократен надоместок за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејство и боледување подолго од шест месеци, за лицата вработени во општинските буџетски корисници - основни училишта или членови од нивните семејства;
9. Набавка на таблети за основните училишта;
10. Доградба на ООУ „Блаже Конески“.

## II. СПОРТ

Од областа на спортот во 2025 година, се реализирани следниве мерки и активности:

1. Поддршка на спортски манифестации и активности кои се организираат на подрачје на Општината од страна на здруженија на граѓани:

   - Финансиска поддршка на Здружение за развој и иновации за поздрав живот АРЕОЛА

2. Поддршка на истакнати спортски клубови кои ја претставуваат Општина Аеродром на домашно, како и на меѓународно ниво:

   - Финансиска поддршка на Кошаркарски клуб МЗТ Скопје - Аеродром

3. Поддршка на училиштен спорт

- Финансиска поддршка на Општински сојуз на училиштен спорт Аеродром (ОСУСА)-Скопје

## III. КУЛТУРА

Општина Аеродром, со цел да обезбеди поддршка на културата, во текот на 2025 година ги спроведе следните активности:

1. Спонзорство на Здружение за традиционално организирање на Илинденски марш 1978 од Горно Лисиче, за поддршка на коњаници кои патуваат од Горно Лисиче до Крушево и на 2-ри август учествуваат на прославата на празникот Илинден;
2. Спонзорство на Национална установа Театар Комедија – Скопје за реализација на Меѓународен фестивал на комедијата „Гола Месечина“ којшто се реализираше на отворена сцена поставена во паркот „Авионче“, со бесплатни претстави за граѓаните;
3. Спонзорство на Здружение на културно уметничко друштво „Гоце Маркоски“ – Скопје за организација на 11-ти Меѓународен детски фолклорен фестивал „Св. Троица“ 2025, Долно Лисиче;
4. Спонзорство на Здружение Фолклорен Ансамбл „Вапцаров“ – Скопје за реализација на Меѓународен детски фолклорен фестивал „Цветови 2025“;
5. Спонзорство на Хуманитарна организација „Свети Спас“ – Скопје за организација на настан по повод јубилејот 50 години постоење на црквата „Св. Петар и Павле“ – Горно Лисиче;
6. Одбележување на 153-годишнината од раѓањето на македонскиот револуционер Јане Сандански со положување свежо цвеќе на спомен-обележјето Јане Сандански во истоимениот парк;
7. Одбележување на 18-годишнината од загинувањето на граничен полицаец Игор Драганов, со положување свежо цвеќе на спомен-обележјето подигнато во негова чест во Долно Лисиче.

## IV. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА

Од областа на социјалната и детската заштита, во текот на 2025 година, реализирани се следните мерки и активности:

1. Доделување на еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром;
2. Доделување на еднократна парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, за лицата вработени во општината, општинските буџетски корисници и нивните семејства;
3. Доделување на еднократен парична помош за физички лица и семејства во социјален ризик, жители на Општина Аеродром по поднесено барање;
4. Детска заштита: јавни установи - детски градинки

- Финансиска помош и поддршка за електрична енергија и централно греење;

- Финансиска помош и поддршка за средства за хигиена,
- финансиска помош и поддршка за привремени вработувања и други оперативни расходи во детските градинки,
- Обезбедување финансиски средства за обезбедување и мониторинг на објектите на детските градинки на територијата на Општина Аеродром,
- Обезбедување финансиски средства за одржување на објектите на детски градинки,
- Обезбедување финансиски средства за доградба и надградба на детска градинка - објект Изворче, ЈДГОА „Срничка“ и надзор над изградбата,
- Изработена комплетна проектна документација за изградба на објект Пчелка 1 – ЈУДГ „Буба Мара“.

## IV. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА

Од областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра, во текот на 2025 година, реализирани се следните мерки и активности:

1. Еднократна парична помош за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на подрачјето на Општина Аеродром.

- Финансиска поддршка за надомест на штета од елементарна непогода-пожар на Бојана Башовска;

2. Извршени испитувања и мерење на противпожарните апарати, како и мерење на притисокот и протокот на хидрантската мрежа во објектот во кој е сместена Општина Аеродром

- Согласно член 45 од Закон за пожарникарство пречистен текст (Службен весник на РСМ бр.168 од 21.11.2017 година) и член 38 од Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. весник на РМ бр.26/18) беа извршени испитувања и мерење на противпожарните апарати, како и мерење на притисокот и протокот на хидрантската мрежа во објектот во кој е сместена Општина Аеродром од страна на овластена фирма за таа дејност по претходно спроведена јавна набавка за избор на истата.

3. Финансирање на Општински Противпожарен сојуз Аеродром

- Согласно Законот за пожарникарство во (Службен весник на РСМ бр.168/2017), член 21 став 3 во 2025 година, беа исплатени финансиски средства за Финансирање на Општинскиот Противпожарен сојуз Аеродром.

## 5. Извештај за користењето на средствата од резерви

Од средствата во буџетот на Општина Аеродром за 2025 година, кои се однесуваат на резервите, остварена е вкупна реализација од 1.000.000 денари. Истата се однесува на **програма А0 – Совет на општина**, ставка - Постојана резерва (непредвидливи расходи), исплатена во износ од 1.000.000 денари во вид на еднократна финансиска помош за семејствата на настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

## 6. Извештај од одговорниот сметководител

**Вкупно реализираните приходи** по разни основи за 2025 година изнесуваат 1.345.581.572 денари, што претставува вкупна реализација на приходи во буџетот на општината од 81,1%, во однос на планираните 1.659.653.000 денари.

Во рамките на **основниот буџет** на општината, вкупните реализирани приходи во 2025 година изнесуваат 612.014.171 денари, кои во однос на планираните 892.996.000 денари претставуваат 68,5% реализација (вклучително реализираниот износ од 51.991.849 денари од пренесениот вишок на приходи од минатата година). Во делот на **донации** вкупните реализирани приходи за 2025 година изнесуваат 5.825.556 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 225.568 денари од пренесените приходи од минатата година), што претставува реализација од 70,2% во однос на планираните приходи. Вкупните реализирани приходи од **самофинансирачките активности** на буџетските корисници на општината изнесуваат 54.140.500 денари, што претставува реализација од 67,1% во однос на планираните приходи. Вкупните реализирани приходи во делот на **блок дотациите** за 2025 година изнесуваат 673.601.345 денари (вклучително реализираниот дел во износ од 13.061 денари од пренесените приходи од минатата година), што претставува реализација од 99,4% во однос на планираните приходи.

**Вкупните реализирани расходи** на Општина Аеродром за 2025 година изнесуваат 1.345.136.707 денари, што претставува 81,05% реализација во однос на вкупно планираните расходи.

Во делот на **основен буџет** реализираните расходи изнесуваат 612.014.171 денари, во делот на **блок дотациите**, вкупната реализација која се однесува на основните училишта и детските градинки на територијата на Општина Аеродром вкупно изнесува 673.601.345 денари, реализацијата на расходите во делот на **донациите** изнесува 5.825.556 денари, додека реализацијата на расходите во делот на **самофинансирачките активности**, изнесува 53.695.635 денари.

**ПРИЛОЗИ:**

- Биланси на приходи и расходи

# И З Ј А В А

Од Сунца Павловска, вработена во општинската администрација во Општина Аеродром, на работното место советник - одговорен сметководител.

Изјавувам дека податоците во завршната годишна сметка на Општина Аеродром за 2025 година, како и Годишниот извештај на Општина Аеродром за 2025 година се точни и веродостојни.

Советник – одговорен сметководител
Сунца Павловска

____________________

Датум:
25.02.2026 година